SlovakAid GOOD IDEA SLOVAKIA

SFPA Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Втора сесија на Работна група V – Животна средина (Поглавје 27)**

**Тема:** ***Аерозагадувањето од аспект на загревањето на домаќинствата и јавните установи***

## ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ

1. Подобрување и унапредување на мониторинг системот за квалитет на воздух преку:
    a. Проширување на мрежата за мониторинг во поголемите градови во државата;
    b. Обезбедување на мерење на сите високозагадувачки супстанции на сите мерни места во државата (вклучително и азотните оксиди, сулфурните оксиди, озон, диоксини и фурани);
    c. Соодветно и навремено да се информираат граѓаните за загадувачките супстанции во воздухот, како и за мерките кои се преземаат за нивно намалување;
    d. Редовно алармирање за здравствените последици од вдишување на загадувачките супстанции, како и за мерките за заштита на човековото здравје.
2. Воведување на законска забрана за согорување на јаглен за домаќинствата со одложена примена во времетраење до две години. Воедно, започнување програми за планско и систематско елиминирање на јагленот и дрвото како енергенси во урбаните средини преку субвенционирање на замената на начинот на затоплување.
3. Потребно е креирање на јасни стандарди и сертификати за начинот и ресурсите кои се користат за затоплување на домаќинствата.
4. Во Градот Скопје е неопходно да се воспостави План за начинот на затоплување по зони;
5. Да се донесат правилници со кои ќе се утврдат условите за загревање кои треба да ги исполнуваат новите објекти пред добивање дозвола за градба;
6. Потребно е да се усвои дефиниција за енергетска сиромаштија и да се дизајнираат посебни програми за поддршка на енергетски сиромашни домаќинства;
7. Поедноставување на процедурите, овозможување и поддршка за домаќинства заинтересирани за поставување на фотоволтаични панели на кровните и дворните површини од своите домови и формирање на енергетски задруги;
8. Формирање на Фонд за животна средина преку кој ќе се спроведуваат плановите и програмите за справување со аерозагадувањето;
9. Активирање на Фондот за енергетска ефикасност;
10. Зајакнување на интерсекторска соработка помеѓу релевантните институции и рестартирање на работата на Интерсекторската работна група за справување со аерозагадувањето со поголеми надлежности и функционални механизми за спроведување на усвоените мерки.

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia